РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-454/2
02.03 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Единица на локална самоуправа | Општина Крива Паланка |
| Изработил (име, презиме и функција) | Лидија Митовска, Координаторка за еднакви можности на жените и мажите |
| Период на известување | 01. 01. 2021 – 31.12.2021 |
| Датум на поднесување на извештајот | 02.03.2022 |

Име и презиме Сашко Митовски, Градоначалник
(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

Дата, 02.03.2022

Потпис:
Градоначалник, Сашко Митовски

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот):

Потпис:

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки

**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

**А) Позитивни:**

Во делот на позитивни мерки кои општина Крива Паланка ги има превземено во 2021 година се: Интегрирана родовата перспектива во локалните програми и креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите/ Направена е родова анализа и родово сензитивно планирање на расходите во оперативните буџетски програми за 2021 го Процесот сам по себе е тековен и продолжува и во текот на 2022 година. од страна на координаторката со подршка од претседателот на интерсекторската работна група за еднакви можности, стратешко планирање и буџетирање односно интегрирање на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетските процеси на Општина Крива Паланка.

Во завршна фаза е подготовката на **,,Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка,,** за која во следниот период ќе следи јавна дебата и усвојување

**Б) Охрабрувачки:**

Одржано советување/едукативно предавања за корпусот на човекови права и законската легислатива за родова рамноправност, со цел поголема сензитивност и препознавање на различните видови на дискриминација врз основа на полот, како и за законските можности за поднесување претставки до релевантните институции во случаи на дискриминација по различни основи.

Континуирана дисеминација на информации и материјали за еднакви можности; Подобрена информираноста и свеста за родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во општината.

**В) Програмски:**

Во делот на програмски мерки кои општина Крива Паланка ги има превземено во 2021 година е подготовка и усвојување на:

**1.** Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022г.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**А) Позитивни:**

Во насока на воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво, направена е анализа на поголемиот дел од буџетските оперативни програми за 2021 година и во дел од буџетските оперативни програми за 2022г, од родов аспект и креирање на родово сензитивни активности а со тоа и создадени предуслови за родово сензитивна алокација на буџетски средства во 2021 и 2022 година.

**Б) Охрабрувачки:**

**Б1. Подобрена информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.**

**Б2.Континуирана дисеминација на информации и материјали за еднакви можности -** редовно беа публицирани информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми.

**В) Програмски:**

**В1**. Подготвена и усвоена оперативна буџетска годишна Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022г.

**2.4 Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

**Индикатори за следење на успешноста и напредокот на мерката се предвидени во годишната оперативна програма за 2021 година во делот резултати.**

1. Подобрена информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.
2. Подигнато на повисоко ниво родовото одговорно распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност.
3. Зајакнати и оспособени капацитетите на КЕМ и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата.
4. Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница;

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**

Во насока на воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво, Општина Крива Паланка во текот на 2021 година при програмските и буџетски планирања за 2021 но и 2022 г година, соработуваше со регионалниот проект на UNWomen, ООН со канцеларија во Скопје за „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“. Во завршна фаза е реализација на процесот на подготовка на родово одговорна стратегија за развој на општината во рамки односно со подршка на регионалниот проект на UNWomen „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“. Овој процес на подготовка на стратегијата се одолжи поради пандемијата од ковид 19, посебно делот на партиципативноста на граѓаните, посебно делот со партиципативноста на ранливите категории на граѓани, кои имајќи ја предвид заштитата на нивното здравје и живот, активностите ги одложивме до подобрување на состојбата и намалување на ризикот од со пандемијата, но процесот е во завршна фаза и заклучно со месец март стратегијата планираме да биде усвоена од Советот на Општина Крива Паланка.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Во делот на компонентата од регионалниот проект во соработка со проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“. , што се фокусира на воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво, направивме родова анализа на 21 оперативна годишна буџетска програма, со цел планирање на родово сензитивни

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| актвности, што пак резултира со родово сензитивно буџетирање на активности, а со тоа и вметнување на елементи на родово одговорно буџетирање во буџетот за 2021 и 2022 година. |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**<br>Индикатори за следење на успешноста и напредокот на мерката се предвидени во годишната оперативна програма за еднакви можности на жените и мажите за 2021 и 2022 година во делот резултати. |
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот** |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>**ДА** |
| **2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**<br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br>**Прилог 1 – табела**<br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Izvestaj_ednakvi_moznosti2021.pdf<br>https://www.krivapalanka.gov.mk/dokumenti |

| |
|---|
| **2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>ДА |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>Во текот на извештајниот период ЕЛС ги реализираше активностите согласно годишната оперативна програма на Општина Крива Паланка за 2021г. за еднакви можности на жените и мажите, која е во дирекна корелација со акциониот план на општината за еднакви можности на жените и мажите 2021 – 2023 година.<br>Во годишната оперативна ***Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2021 г. *** а со цел етаблирање на патот на родова рамноправност во општината за 2021 година беа дефинирани стратешките области на работа и тоа:<br><br>1. Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право.<br>2. Интегрирање на родовата перспектива во краткоточното и долгорочно планирање (стратешко планирање и оперативно програмирање) на локалните политики и буџетската алокација на средства во 2021г.<br>-Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и стратешките развојни документи на општината.<br>-Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските оперативни политики.<br>3. Јакнење на локалниткапацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;<br>4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;<br><br>**А) Позитивни:**<br>**А1 Подобрена информираноста и свеста на граѓаните за родовата еднаквост и заштита и заштита од дискриминација..**<br>1.1 Одржано советување/едукативно предавања за корпусот на човекови права и законската легислатива за родова рамноправност, со цел поголема сензитивност и препознавање на различните видови на дискриминација врз основа на полот, како и за законските можности за поднесување претставки до релевантните институции во случаи на дискриминација по различни основи.<br>1.2 Подготвен, испечатен/ испринтан и дистрибуиран едукативен материјал/ флаери;<br>1.3 Извршена промоција и медиумска покриенот на активностите<br>**А2 Општина Крива Паланка изврши интегрирање на родовата перспектива во локалните програми и креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на Владата на Р.С. Македонија.**<br>Направена е родова анализа и родово сензитивно планирање на расходите во 21 оперативна општинска буџетска програма за 2021 г. од страна на координаторката и претседателот на интерсекторската работна група за еднакви можности, стратешко планирање и буџетирање |

односно интегрирање на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетските процеси на Општина Крива Паланка. согласно член 14 став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите во делот на родово одговорно оперативно планирање и програмско буџетирање. Процесот не е завршен и продолжува и во 2022 година

Целта е интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите во општината.

**А3 Подготовка на Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022г. и нејзино усвојување од Советот на Општината.**

**Координаторката согласно** ,,ЛОКАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2021 – 2023,, ја подготви годишната оперативна буџетска програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.

**А4 Подготовка на** „Родово одговорна стратегија за развој на Општина Крива Паланка 2022 – 2027“.

Во завршна фаза е реализација на процесот на подготовка на родово одговорна стратегија за развој на општината во рамки, односно со подршка на регионалниот проект на UNWomen „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“. Овој процес на подготовка на стратегијата се одолжи поради пандемијата од ковид 19, посебно делот на партиципативноста на граѓаните, посебно делот со партиципативноста на ранливите категории на граѓани, кои имајќи ја предвид заштитата на нивното здравје и живот, активностите ги одложивме до подобрување на состојбата и намалување на ризикот со пандемијата, се надеваме дека до почетокотна летото ќе се создадат услови и тој дел ќе биде завршен.

Работниот тим го сочинуваат координаторката, менторката Кристина Хаџи Василева, КЕМ и интерсекторската работна група, за еднакви можности, стратешко планирање и буџетирање односно интегрирање на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетските процеси на Општина Крива Паланка

**Б) Охрабрувачки:**

**Б1 Подобрени капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница.**

1.1 Во текот на 2021 година беше продолжена соработката со телото на Организацијата на Обединети Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women ) во рамки на регионалниот проект „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“.

1.2 Во насока на јакнење на капацитетите на клучните чинители за промовирање на еднаквите можности, а како дел од активностите во рамки на проектот *Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија* беа одржани неколку работилници со цел промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на кои учествуваа членови на Комисијата за еднакви можности, членовите на интерсекторската работна група и други вработени од општината. Претседателката на КЕМ и претставници од општината ( општинската администрација) во 2021 година

земаа учество и на состаноци, панел дискусии, и други обуки поврзани со правото на еднакви можности и дискриминација. Претседателката на КЕМ учествуваше и на седница на Комисијата за еднакви можности во Собранието на Р. Северна Македонија на расправа за новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите кој треба да биде донесен во текот на ова година.

**Б2 Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности;**

Редовно беа публицирани информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми ;

**В) Програмски:**

**В1 Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2022г.**

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

Согласно програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2021г. се реализирани четирите задачи предвидени во програмата.

**Прилог : Извештај бр. Бр. 08 – 454/01, 11.02.2022г.**

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

- Број на спроведени обуки / Број на учеснички/ учесницина настаните;
- Број и форма на дисеминирани информации од областа на еднаквите можности;

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општинатаа а колку од донации?**

Од буџетот на ЕЛС 120 000,00 денари,.
Износот на донациите е преку буџет од UN Women и буџетите на НВО организациите и немаме конкретна информација на ова прашање.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Не

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**1. Обука за родово одговорни политики и унапредување на родовата еднаквост,**

**. а) слушател/слушателка**

**б) обучувач/обучувачка**

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).**
**Координаторот за еднакви можности има посетено:**

1. Родова еднаквост.
2. Семејно насилство.
3. Родово одговорно буџетирање

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**
**Ве молиме опишете / Нема воспоставено метод или системи во општината за пренесување на знаења.**

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

- За текот на извештајниот период до Советот на Општина Крива Паланка има доставено:
  1. Годишната оперативна програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.
  2. Родовата анализа на 21-на оперативна буџетска програма за 2022 година на општината.

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

1. Годишната оперативна програма за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година.

3. Презентирана родовата анализа на 21-та оперативна буџетска програма за 2022 година на општината со препораките за секоја од нив.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

a. **Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Клучните области во општината согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021 – 2023** на кои ќе ги насочиме активностите и интензивираме работата во 2022 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност се:

1. Човекови права – недискриминација

2. Родово одговорно планирање и буџетирање

**Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за 2021 година се:**

1. Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право;
2. Интегрирање на родовата перспектива во краткоточното и долгорочно планирање (стратешко планирање и оперативно програмирање) на локалните политики и буџетската алокација на средства во 2022г.
   - Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и стратешките развојни документи на општината.
   - Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските оперативни политики.
3. Јакнење на локалните капацитети ( Комисијата за еднакви можности, општинската администрација, НВО и други засегнати страни) со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
4. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за еднакви можности ( КЕМ) - , како постојано работно тело при Советот на Општина Крива Паланка е утврдена со Статутот на Општина Крива Паланка од 2006г. Мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на општината е четири години. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е во состав од пет члена од кои 3 члена се жени и 2 мажи

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол / 3 жени и 2 мажи**

**б) Образование / 3 високо образование/ 2 средно образование**

**в) Етничка припадност/ македонци**

**г) Припадност на политичка партија**

**- СДСМ и коалицијата/ 3**

**- ВМРО ДПМНЕ и коалицијата / 2**

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

**КЕМ во периодот на известување по секој еден документ и предлог пред да биде усвоен од Советот, расправаше на седница на КЕМ и на тој начин учествуваше во**

| |
|---|
| **планирањето и реализацијата на сите реализирани активности .** |
| **5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**<br>**Нема** |
| **5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**<br>**Нема** |
| **5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**<br><br>**КЕМ има одржано две седници на кои предмет на расправа беше:**<br>• Разгледување на Извештајот за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година на општината пред да биде доставен до Советот на усвојување;<br>• Предлог Програма на Општина Крива Паланка за активностите на Општина Крива Паланка, во областа на еднаквите можности за 2022 година пред да биде дадена на усвојување на Советот.<br>• Информација за направена родова анализа на буџетските оперативни општински програми, од координаторката и претседателот на интерсекторската работна група за еднакви можности, стратешко планирање и буџетирање односно интегрирање на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетските процеси на Општина Крива Паланка<br>**Прилог – Записници од одржаните две седници.** |

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

| |
|---|
| **6.1 Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**<br>**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**<br>**Преку ЗЕЛС точно да се утврдат и унифицираат задачите, надлежностите но и овластувањата за координаторите во согласност со Законот за еднакви можности.**<br>**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми.**<br>**За успешна имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми имам еден предлог и тоа:**<br>**МЛС да има координација со Министерството за финансии во делот на донесување на законски или подзаконски акти за задолжително родово одговорно планирање, програмирање и буџетирање.** |